

# MAXTV
## УПАТСТВО ЗА КОРИСТЕЊЕ

СПОДЕЛИ ДОЖИВУВАЊА

# СОДРЖИНА


ТВ ВОДИЧ | 5

ТВ-ТЕКА | 7

СНИМАЊЕ | 8

ДОПОЛНИТЕЛНИ ОПЦИИ | 10-11

ВИДЕОТЕКА | 13

НАГОДУВАЊЕ | 17




# КОИ СЕ МОЖНОСТИТЕ НА MAXTV?

ДОЗНАЈТЕ ЗА СИТЕ ОПЦИИ ШТО ВИ ГИ НУДИ НАЈДОБРАТА ДИГИТАЛНА ТЕЛЕВИЗИЈА ВО МАКЕДОНИЈА.

# ГЛАВНО МЕНИ

Добредојдовте! Овде ќе најдете детални насоки за користење на MaxTV, за да можете да го извлечете максимумот од најдобрата дигитална телевизија во Македонија.

Со избирање на копчето „мени“ од далечинскиот управувач доаѓате до главното мени на MaxTV, од каде што лесно можете да пристапите до сите достапни опции.

Заради подобро искуство, предлагаме најпрво да ги нагодите резолуцијата на вашиот ТВ приемник, јазикот на кој сакате да се прикажува менито и јазикот на превод на содржините што ги гледате.

Преку делот „Нагодувања“, „Телевизија“, изберете **„Размер и резолуција на екранот“**. Во зависност од типот на вашиот ТВ приемник, за најдобри перформанси, препорачуваме:

- HD Ready и Full HD ТВ приемник – се препорачува 720p односно 1080i резолуција;
- CRT ТВ приемник – се препорачува 4:3 стандардна резолуција.

Во делот „Телевизија“, исто така, можете да го нагодите јазикот на превод на ТВ содржините, како и избор на саканиот јазик на преводот (албански, англиски, македонски, српски).

На крај, во делот „Општо“ изберете на кој јазик сакате да се прикажува менито – на македонски, албански или англиски јазик, а потоа зачувајте ја промената со избор на копчето „Потврди“.

За нагодување на размерот на екранот, пристиснете на копчето „Опции“ на далечинскиот управувач, и преку „Размер на екранот“, одберете Развлечен.








# ТВ ВОДИЧ

Копчето EPG/Guide на далечинскиот управувач го отвора водичот низ ТВ каналите со програмата од наредните 11 дена и последните 2 дена, подредена според датум и време.



Почетниот приказ на ТВ водичот е хронолошки подреден. Во овој случај редовите ги означуваат самите канали, додека пак, колоните – времето за емитување одредени емисии/програми.

Можете да изберете приказ на ТВ водичот по ТВ канал. Со навигација лево и десно можете да се движите низ ТВ каналите и да ја гледате програмата за секој канал посебно.

Со селектирање одредена содржина можете да разгледате краток опис и детали за содржината. Исто така, имате можност за снимање на саканата содржина, без прекинување на програмата што ја гледате во моментот.




**КОРИСЕН СОВЕТ**

Со притискање на копчето Опции на далечинскиот управувач, можете да пристапите до опциите на ТВ водичот. Имате опција за брз пристап до конкретен ден, можете да ја менувате листата на канали кои сакате да се прикажуваат во ТВ водичот или пак, да креирате листа на омилени канали.

**КОРИСЕН СОВЕТ**

За брзо прелистување на каналите и содржините од ТВ водичот, користете ги копчињата за промена на канал (P+ и P-) од далечинскиот управувач. На тој начин наместо да листате еден по еден канал, ќе можете наеднаш да прелистате цела страница со канали.






ТВ-теката нуди пристап до целата програма емитувана последните 7 дена на следниве канали: МТВ 1, Сител, Канал 5, Телма, Алфа, Алсат М, ТВ Нова, RTV21 M и Arena Sport 1. Не е потребно претходно да се закажува снимање, едноставно селектирајте го каналот на којшто сакате да ја прегледате содржината. Потоа селектирајте го датумот на кој се емитувала програмата и пронајдете ја посакуваната емисија по времето на емитување.

Ако сакате да се вратите назад и да продолжите со гледање на содржини од истиот датум, само притиснете „Back“ на далечинскиот управувач.

За излез од ТВ-теката притиснете Exit на далечинскиот управувач.





# СНИМАЊЕ

За пристапување до опцијата „Снимање“ преку менито, притиснете го копчето на далечинскиот управувач „Menu“ и изберете ја опцијата „Снимање“. Оттука имате можност да ги видите снимените содржини или да закажете ново снимање.

## ЗАКАЖУВАЊЕ НОВО СНИМАЊЕ

**КОРИСЕН СОВЕТ**

**Закажете директно снимање на содржината што ја гледате во живо со притискање на копчето Record „●“. Ако пак гледате содржина од којашто сакате да снимите повеќе епизоди, односно серија, притиснете го копчето Record „●“два пати.**

**„ТВ водич“** – Содржи информации за ТВ програмата на сите канали и служи за едноставен начин на снимање содржина којашто ќе се емитува во иднина. Закажете снимање директно од ТВ водичот со притискање на „Сними епизода“, или пак, со притискање на копчето Record „●“ врз содржината што е обоена во магента. Ако сакате да снимите неколку последователни содржини со тој наслов, притиснете на опцијата „Сними серија“.

**„Пребарување“** – Најдете ја програмата што сакате да ја снимате со впишување клучни зборови (наслов, актери и сл.). За селекција на латинично писмо, изберете ја опцијата „EN“, под азбуката. Навигирајте со стрелките на далечинскиот управувач „←“,„→“,„↑“, „↓“. За бришење на текстот во полето за пребарување, притиснете „Избриши“ (одберете го полето „⌫“) или притиснете на копчето „Назад/Back“ на далечинскиот управувач. Пребарувањето автоматски ги бара сите содржини според внесените клучни зборови во полето. За снимање на содржината, селектирајте ја и притиснете „●“ на далечинскиот управувач.



**„Канал и време“** – Закажете снимање со впишување на датумот и времето на конкретен канал. Во полето „Канал“ внесете го редниот број на каналот, селектирајте го посакуваниот датум на кој сакате да се снима содржината, внесете го времето на почеток и крај на снимањето и изберете една од двете опции за зачувување на содржината: „Додека има слободен простор“ која овозможува чување на снимката сè додека има слободна меморија и „Додека не се избрише“ која овозможува рачно бришење на содржината кога вие ќе посакате. Кога ќе ги дефинирате сите услови за снимање, притиснете на опцијата „Сними“.

Ако закажувањето на снимањето е оневозможено, проверете ги следниве неправилности:
- Времето на почеток на снимањето на програмата е за мината програма;
- Времето на почеток на програмата е невалидно (пр. невалидно време би било почеток во 17:00 ч., а крај во 09:00 ч.);
- Времетраењето на снимената програма надминува 12 часа.




**КОРИСЕН СОВЕТ**

**За да не пропуштите ни минута од омилената содржина при закажување снимање, во времето за прекин на снимањето додадете 5 или повеќе минути во случај на отстапка на реалното време на завршување во однос на времето од програмскиот водич.**

## СНИМЕНИ СОДРЖИНИ

Пристапете до снимените содржини на неколку начини преку категоријата „Снимање“ во главното мени.
**„По датум“** – Овозможува гледање на снимените содржини хронолошки по датум, почнувајќи од последно снимените содржини наназад.
**„По наслов“** – Дава преглед на сите снимени содржини по азбучен ред, почнувајќи од насловите на латиница, па потоа кириличните.
**„Закажани“** – Дава преглед на закажаните содржини за снимање, хронолошки подредени по датум и време на закажување. Закажаната содржина можете да ја откажете со притискање на опцијата „Не снимај“. Можете да изберете прекин на снимањето и зачувувањето на епизодата или целата серија со опцијата „Нагодувања“.

# ДОПОЛНИТЕЛНИ ОПЦИИ

**ОД ПОЧЕТОК** – Содржината којашто ја гледате во моментот можете да ја гледате од почеток со опцијата „Од почеток“, која се наоѓа на инфо-лентата при гледање на програмата во живо. Оваа опција е достапна за каналите од ТВ-тека.

**HD РЕЗОЛУЦИЈА** – На инфо-лентата можете да ја активирате опцијата „Гледајте во HD“, доколку таа е овозможена за каналот што го гледате во живо.

**ПАУЗИРАЊЕ** – Можете да ја паузирате програмата што ја гледате и потоа да продолжите со гледање точно од моментот од каде што сте ја прекинале. Содржината којашто ја гледате, автоматски се меморира и затоа можете повторно да ги погледате секвенците што ви се интересни или сте ги пропуштиле.

**КОРИСЕН СОВЕТ**

**Одберете една од последно гледаните содржини од ТВ во живо или од видеотека со копчето „Last“ на далечинскиот управувач ( ). Со притискање на стрелката нагоре „↑“, можете да пристапите и до последно снимените содржини.**

**КОРИСЕН СОВЕТ**

**Со помош на стрелките „←“,„→“ кои се наоѓаат на самиот далечински управувач имате можност за навигација во инфо-лентата. Воедно, можете да ги видите и наредните емисии на конкретниот или на друг канал. Преку инфо лентата можете директно да закажете снимање на саканата содржина со притискање на копчето Record „●“.**











**„Серија“** – Сите последователни епизоди од некоја програма кои ги снимате се зачувуваат под едно име на серија. Со селектирање одредена серија можете да ја одберете опцијата „Откажи“. Со оваа опција целосно се прекинува снимањето на серијата, а претходно снимената содржина останува зачувана. Опцијата „Промени“ овозможува увид во типот на програмата и времето на снимање, како и можност за прекинување и зачувување на снимањето.

**Нагодувања за снимање**

Времето на снимање е автоматски наместено во согласност со времето на емитување на програмата. Снимањето на епизодите можете да го закажете во секое време, ако не сте сигурни кога се емитува програмата. Или пак, одберете ја следната опција за снимањето да започне во кое било време, но само еднаш дневно, за да немате снимени реприизи од одредена епизода.

Зачувувањето на серијата автоматски е прилагодено така, да се зачуваат сите епизоди додека има слободен простор. Зачувувањето можете да го прилагодите само на последната епизода, двете последни, сè до седумте последни епизоди, или пак, едноставно да ги зачувате сите епизоди додека не ги избришете.

**„Прекин на снимањето“** – Опцијата овозможува да го одберете времето на завршување на снимањето на програмата кое е различно од автоматското крајно време според програмата. Снимањето може да се прекине од 5 минути до 3 часа по времето за крај предвидено според програмата.





# ВИДЕОТЕКА

Видеотеката е вашето домашно кино достапно 24/7, кое ви нуди можност да изнајмите голем број филмови, серии, детски емисии и други содржини. Во Видеотеката се пристапува преку главното мени или преку копчето VOD на далечинскиот управувач.

## ФИЛМОВИ

Во категоријата „Филмови“, имате можност да изнајмите филмска содржина во траење од 24 часа. Со селектирање на филмот што сакате да го изнајмите и притискање на копчето „ОК“ на далечинскиот управувач, добивате повеќе информации и цена за изнајмување на филмот. Десно од краткиот опис на содржината, има три икони со кои: можете да го изнајмите филмот, да гледате трејлер ▮ и опција за додавање на филмот во категоријата Мој избор - Омилени ☆.

Оваа категорија вклучува различни жанрови, од холивудските блокбастери и акциони филмови, преку најгледаните драми и највозбудливите трилери, па сè до најомилените видео содржини за најмалите – цртаните филмови.

**Ново на MaxTV** – Брз и едноставен преглед на најновите содржини достапни во Видеотеката, без да пребарувате по категориите на филмови.






## ПАКЕТИ

HBO on demand – Видеотека која е дел од ексклузивниот HBO пакет, прикажува филмски хитови и серии, концерти, документарни емисии и емисии во сопствена продукција на HBO.

Pickbox – Со пакетот добивате неограничен пристап до повеќе од 3.000 часови ТВ хит серии, детски, филмски и документарни содржини од врвните продукциски куќи на BBC, Disney, CBS, Sony, MGM и тоа со македонски превод.






## МОЈ ИЗБОР

Преку оваа категорија можете брзо и лесно да пристапите директно до вашите омилени содржини, тековно изнајмени и последно гледани содржини.

Изнајмени – Во оваа категорија се наоѓаат сите тековно изнајмени филмови кои се изнајмени во последните 24 часа.

Омилени – Овде ќе ги најдете Вашите омилени филмови. За да додадете филм во оваа категорија, селектирајте го копчето Мој избор ☆ кое се наоѓа во краткиот опис на секој филм.

Гледани – Видете ја листата на последните филмови што сте ги гледале. За да ги отстраните сите последно гледани филмови, селектирајте ја опцијата „Избриши последно гледани".

## ТВ АРХИВА

Во бесплатната ТВ Архива можете да ги најдете следниве содржини: македонски документарци, „Патување со рабробус", „Патување со рабробил", „Златно славејче", „Гроздоберче", концерти, „Скопски џез фестивал", „Еден на еден", „Топ форма", „Тинтири минтири", играни филмови.

## ОСТАНАТИ СОДРЖИНИ

Stand-up – Изнајмете ги најдобрите Stand-up настапи на домашни и странски комичари.
Документарни – Документарни филмови кои се достапни за изнајмување.

## ПРЕБАРУВАЊЕ

Пребарајте ги содржините или филтрирајте го пребарувањето со селектирање на копчето „Опции" за избор на повеќе начини на пребарување. Пребарувањето можете да го ограничите само на наслови на содржините или пребарување по личности, канали или содржини за изнајмување во Видеотеката, како и веќе снимени содржини. Откако ќе одлучите какво пребарување сакате, притиснете на копчето „Назад/Back" на далечинскиот управувач за да се вратите на полето за пребарување.



Најдете ја програмата со впишување клучни зборови (наслов, актери и сл.). За селекција на латинично писмо притиснете на опцијата „EN“, под азбуката. Навигирајте со стрелките на далечинскиот управувач „←“,„→“,„↑“, „↓“. За бришење на текстот во полето за пребарување, притиснете „Избриши“ (одберете го полето „⌫“) или притиснете на копчето „Назад/Back“ на далечинскиот управувач. Пребарувањето автоматски ги бара сите содржини според внесените клучни зборови во полето. За излез од Видеотеката, притиснете Exit на далечинскиот управувач.

**КОРИСЕН СОВЕТ**

**Со опцијата „Промена на приказ“ имате можност да одберете преглед на содржините во Видеотеката според постери или листа.**

**КОРИСЕН СОВЕТ**

**За брз пристап до саканата содржина, користете ги копчињата за промена на канал (P+ и P-) од далечинскиот управувач. На тој начин наместо да листате една по една содржина, ќе можете наеднаш да прелистате цела страница со содржини.**





# НАГОДУВАЊЕ

Во овој дел од главното мени, до кој се пристапува преку копчето Menu на далечинскиот управувач, можете да вршите нагодувања на изгледот и јазикот на MaxTV.



# ТЕЛЕВИЗИЈА

**„Размер и резолуција на екранот“** – Ви овозможува да ги нагодите размерот и резолуцијата на екранот на вашиот ТВ приемник.

Во зависност од типот на вашиот ТВ приемник, препорачуваме да се прилагоди резолуцијата за најдобри перформанси:

- HD Ready и Full HD ТВ приемник – се препорачува 720p односно 1080i резолуција;
- CRT ТВ применик – се препорачува 4:3 стандардна резолуција.

**КОРИСЕН СОВЕТ**

**За ТВ приемници кои се со резолуција од 720p или 1080i и таа е селектирана во категоријата „Телевизија“ – излезете од менито и кликнете на копчето на далечинскиот управувач „Опции/Options/☰“, изберете ја опцијата „Размер на екран“ и селектирајте го полето „Развлечен“. На тој начин ќе имате недеформирана слика на целиот екран.**

- ТВ водич – Движете се низ листата на канали горе или долу и притиснете ОК за да додадете или да отстраните канали од ТВ водичот. Променете го редоследот на каналите по ваш избор со означување на соодветната стрелка и притиснете ОК. За зачувување на промените селектирајте „Потврди“, за откажување на промените селектирајте „Откажи“. За враќање на првичниот редослед на каналите селектирајте „Автоматски“.

- Омилени канали – Оваа опција ви овозможува додавање или отстранување канали од листата на омилени канали со притискање на копчето „ОК“ врз селектираниот канал.

- Приказ на ТВ водичот – Почетниот приказ на ТВ водичот е хронолошки подреден. Во овој случај редовите ги означуваат самите канали, додека пак колоните – времето за емитување одредени емисии/програми. Можете да изберете приказ на ТВ водичот по ТВ канал. Со навигација лево и десно можете да се движите низ ТВ каналите и да ја гледате програмата за секој канал посебно. За да ги гледате само омилените канали, додека сте на ТВ водичот или пак додека гледате некој канал, пристиснете на копчето Опции и во Приказ на ТВ водичот изберете да ви се прикажуваат само омилените канали.

- Јазик на преводот – Оваа опција ви овозможува вклучување или исклучување на преводот на ТВ содржините, како и избор на саканиот јазик на преводот (албански, англиски, македонски, српски).

# ОПШТО

- Јазик на менито – Изберете на кој јазик сакате да се прикажува менито - на македонски, албански или англиски јазик, а потоа зачувајте ја промената со избор на копчето „Потврди“.

- Дигитален аудио излез – Изберете го посакуваниот вид на аудио излез. Ако не слушате звук, изберете стерео. Некои ТВ уреди и AV приемници не поддржуваат surround звук. Доколку Вашиот ТВ уред нема опција за surround звук, оваа опција нема да функционира. За посебно филмско доживување одберете ја опцијата „Домашно кино“.

- Аудио јазик –Изберете го Вашиот аудио јазик од наведените (албански, македонски, српски)

- Информации за системот – Овде можете да ги најдете сите технички информации во врска со самиот уред. Во случај на каква било грешка или неправилно функционирање, Службата за контакт со корисници, преку ова поле може да бара детални информации и податоци од Вас.



# РОДИТЕЛСКА КОНТРОЛА

Со функцијата „Родителска контрола“, преку внесување ПИН код, ќе бидете сигурни дека Вашите деца нема да имаат пристап до емисии и содржини што не се наменети за нив. За промена на ПИН комбинацијата, селектирајте ја опцијата – „Промени ПИН“, внесете го сегашниот ПИН со четири цифри со Вашиот далечински управувач, потврдете го повторно и впишете го новиот ПИН во означеното поле.

- Родителско заклучување – Кога ќе го внесете кодот имате можност за промена на листата на канали што се заклучени.

- Заклучување на изнајмувањето – Кога изнајмувањето е заклучено, мора да го внесете Вашиот ПИН од четири цифри пред да изнајмите видео содржина. По активирање на оваа опција, Вашиот ПИН важи за сите категории на филмови за изнајмување.

- Заклучување на содржини за возрасни – Кога каналот е заклучен, потребно е да го внесете Вашиот ПИН за да ја отклучите содржината за возрасни.




**КОРИСЕН СОВЕТ**

**Постои и опција да ги заклучите програмите кои се емитуваат на сите канали зависно од возрасните групи (18+, 16+, 12+ итн.). Согласно правилата на HBO, содржините кои се недолични за малолетната публика се заштитени со ПИН. Отклучувањето е стандардно, како и за останатите содржини заштитени со ПИН.**

Контактирајте нè:
Кеј 13 Ноември бр. 6, 1000 Скопје
Контакт центар тел: 122
e-mail: kontakt@telekom.mk
telekom.mk

СПОДЕЛИ ДОЖИВУВАЊА